| Наслов на активноста | **Нешто Друго** | | |
|---|---|---|---|
| **Времетраење ( ориентационо)** | 40 минути | **Одделение** | VII |
| | | | |
| **Цели и очекувани исходи:** | - знае за концептот за себе и за сопствената единственост;<br>- знае различни начини со кои може да се афирмира себеси, личните способности и капацитети во различни средини и групи(самопотврдување);<br>- да можат да идентификуваат лични позитивни особини/карактеристики | | |
| **Потребни материјали:** | - Кутија со капак и огледало<br>- Работен лист | | |
| **Детален опис на активноста:** | Воведни активности: | Ice breaker активност- **„Огледало“**<br>**Петходни напатствија дека секој ќе треба да ја отвори кутијата и да му каже некој убав збор или мисла на она што ќе го види во кутијата,притоа на никој од учениците да не кажува што видел во кутијата.Да биде изненадување.....**<br>Учениците се поставени во круг и по пример од наставникот кој станува оди до центарот на кругот каде што е затворената кутија.Ја отвора кутијата и кажува некој убав збор или мисла...(Пример: Колку си убаво! Прекрасно! Многу си мило! ..и слично....) | |
| | Главна активност: | **Читање на текст„Нешто друго“**<br>Наставникот внимателно им ја посочува на учениците дека за планираната активност ,потрбно е внимателно да слушаат.<br>Читање на приказната **„Нешто Друго“** од страна на наставникот.<br>Средување на импресиите од приказната....Дали некогаш биле во ситуација да се „ **Нешто Друго**“ Каки се чувствувале тогаш? | |
| | Завршна активност: | **Воочувам сличности и разлики**<br>Учениците добиваат инструкции за пополнување на работниот лист....<br>Самостојна активност на учениците-пополнување на прашалникот. Споделување на одговорите со другите...Дискусија..По што се најмногу слични а по што се најмногу различни од другите..... | |
| **Забелешка-Доколку немате можност да се изведе активноста во надворешни услови, може и во училница....** | | | |

This project was approved and funded with the support of the European Commission. This document reflects only the views of the author and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information, contained therein.

## Прилог 1. „НЕШТО ДРУГО“

На ветровитиот рид во осама, без никој нигде што можеше да му биде пријател , живеше **Нешто Друго.**

Знаеше дека си е она што е, оти сите го тврдеа тоа.

Кога ќе се обидеше да седне до нив, или да прошета со нив, или да им се придружеше во игрите, секогаш добиваше ист одговор: „Извини Ти не си како нас. Ти си **Нешто Друго.** Не ни припаѓаш баш“.

Од петни жили **Нешто Друго** се трудеше да наликува на различните од него. Смешкајќи се им велеше„Здраво“, како што тие отпоздравуваа. Си ја носеше ужинката во кесичка ,како што тие имаа навика.... Но попусто. Ниту личеше на нив, ниту пак зборуваше како нив. Не го гледаше она што тие го гледаа....Ниту пак знаеше да си игра како нив. А да не зборуваме за ужинката...

„Не припаѓаш овде“-викаа-„Не си како нас.Ти си **Нешто Друго.**“

**Нешто Друго** се повлече дома.Додека се подготвуваше да си легне, се чу тропање на вратата. **Нешто** стоеше на прагот.....

„Здраво“-рече.„Драго ми е што те запознав.Може ли да влезам?“

„Пардон?“- рече **Нешто Друго.**

„Добредојден сум?“ – праша **суштеството**. Ја подаде својата шепа или можеби беше перајa?!

**Нешто Друго** зјапаше во шепата.... „Мислам дека си го згрешил местото!“ му рече **Нешто Друго.**

**Суштеството** одмавна со главата„Не, никако.Местово е совршено.Погледни!!!“- рече.

И додека **Нешто Друго** сфати што се случува,**суштетсвото** веќе беше внатре....и си седна токму врз неговата ужинка,,,,

„Те знам ли од некаде?“ праша збунето **Нешто Друго.**
“Дали ме знаеш?“-се насмевна **суштеството**.“Се разбира дека ме знаеш.Погледни ме подобро. Само напред.“
**Нешто Друго** гледаше .Се прошета околу **суштеството** од напред до нзазад и од назад до напред.....Не знаеше што да каже, па си молчеше.

„Зар не гледаш?!“ ,вресна **суштеството** , „JАс су исто што и ти! Ти си **Нешто Друго** а и **јас сум едно таково исто**!!!“ Уште еднаш му ја подаде шепата и се насмевна. **Нешто Друго** се

This project was approved and funded with the support of the European Commission. This document reflects only the views of the author and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information, contained therein.

најде во чудо,па не можеше да ја возврати насмевката.Ниту пак, ја прифати шепата.
„**Исто што и јас**?“рече. „Ти не си што сум јас. Всушност, ти не личиш на ништо што досега сум го видел. Се извинувам, ама ти дефинитивно не си МОЈАТА сорта на **Нешто Друго.**“
Отиде до вратата и ја отвори....„Добра ноќ!“ му рече на **суштеството.**

**Суштетсвото** полека си ја прибра шепата.„Ах...“ рече. Изгледаше некако мало и тажно. Го потсети **Нешто Друго** на нешто, но никако не му паѓаше на ум на што.И додека се обидуваше да си припомни , **суштеството** си замина.

Одеднаш **Нешто Друго** се сети..... „Чекај!!!“ ,викна „Немој да си одиш!“.
Најбрзо што можеше потрча по **суштеството** ...Кога го стигна, цврсто му ја зграпчи шепата. „Не си што и јас, но не ми е грижа.Можеш да останеш со мене,доколку сакаш.“ **Суштеството** се врати....

Од тогаш ,па наваму, **Нешто Друго** имаше нешто со што можеше да биде другар. Смеејќи се си отпоздравуваа со „ЗДРАВО“. Цртаа...Сликааа.... Секој ги играше игрите то другиот ги знаеше и сакаше, или барем се обидуваа...    Ужинаа еден до друг....

Беа различни ама се согласуваа....

А кога еден ден се појави  НЕШТО со навистина чуден изглед, тие не му рекоа дека не личи на нив и дека нема да се вклопи во нивната дружба. Се потрхнаа и веднаш му направија место....

## Прилог 2.                    Јас и другите-Воочувам сличности и разлики

| | | |
|---|---|---|
| Членови на семејството | Три сличности помеѓу мене и членовите од моето семејство:<br>1.<br>2.<br>3. | Три разликии помеѓу мене и членовите од моето семејство:<br>1.<br>2.<br>3. |
| Пријатели | Три сличности помеѓу мене и моите пријатели:<br>1.<br>2.<br>3. | Три разлкики помеѓу мене и моите пријатели:<br>1.<br>2.<br>3. |
| Луѓе со друга вероисповест | Три сличности помеѓу мене и луѓето со друга вероисповест:<br>1.<br>2.<br>3. | Три разликии помеѓу мене и луѓето со друга вероисповест:<br>1.<br>2.<br>3. |

This project was approved and funded with the support of the European Commission. This document reflects only the views of the author and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information, contained therein.

| | | |
|---|---|---|
| Луѓе од други земји | Три сличности помеѓу мене и луѓето од други земји:<br>1.<br>2.<br>3. | Три разликии помеѓу мене и луѓето од други земји:<br>1.<br>2.<br>3. |

This project was approved and funded with the support of the European Commission. This document reflects only the views of the author and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information, contained therein.